**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 часот На ден 22.08.2019 г. до 08:30 часот на ден 23.08.2019 г.**

Дел. Бр. 14-10/234
23.08.2019 година


Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101


**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**

## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Активни Пожари*

**РЦУК – Струмица,** известува дека пожарот кој започна на ден 18.08.2019 година помеѓу **селата Покрајчево и Злеово на м.в. Готен,** општина Радовиш е сеуште **<u>активен</u>**. Во гаснењето на пожарот на ден 22.08.2019 година интервенирале ТППЕ Струмица со 5 пожарникари и 1 теренско возило екипа од ПШС Плачковица со 5 возила, ТППЕ Радовиш со 5 пожарникари и 1 тернско возило и од ПШС Плачковица со 30 вработени и 4 возила, Во утринските часови интервенирале ТППЕ Радовиш со 9 пожарникари, од ПШС Плачковица 20 вработени и 6 возила. а е на јавено и учество на авионите на ДЗС.

**ТППЕ Радовиш** не известија дека има **активен** пожар на запалена нискостеблета шума **Кај с. Ракитец** во гаснењето на пожарот во денешниот ден интервенирале 12 вработени од ПШС Плачковица и 2 ПП возила.

**ТППЕ Гевгелија**, не известија дека има активен пожар на запалена деградирана шума на непристапен терен во атарот на **с. Ѓавото м.в. Мамино – Ѓуров дол – Погана,** општина Гевгелија е сеуште **активен.** во гаснењето на пожарот интервенирале 5 пожарникари со 2 ПП возила, од ШС Кожуф со 21 вработени и 5 возила, Комуналец со 7 вработени и 1 цистерна, а учествуваа и 2 авиони ер тракторна ДЗС. Со гаснење на пожарот ќе се продолжи и во денешниот ден со ТППЕ Гевгелија со 24 вработени од ПШС Кожуф и 8 вработени од Комуналец од Богданци со 8 возила и 1 цистерна на Комуналец.

### *1.2 Останати пожари*

**РЦУК – Скопје,** известува дека **БППЗ на град Скопје** во периодот во периодот од 15:05 часот на 20.08.2019 до 17:00 часот на 22.08.2019 година интервенирале на запалена сува трева и мешана шума на локација над **с.Кондово**, на неутврдена поголема површина. Интервенирале со 3 ПП возила и 10 пожарникари. (Опш.Сарај); Во

периодот од 09:25 до 10:45 часот на **ул.Ѓорче Петров** интервенирано за гаснење на запален автобус на ЈСП. Интервенирале со 2 ПП возила и 6 пожарници. Во пожарот нема повредени лица. (Опш.Ѓорче Петров); Во периодот од 11:50 до 12:15 часот интервенирале на запалена сува трева во атарот на **с.Горно Оризари** на површина од околу 3000 м$^2$. Интервенирале со 1 ПП возило и 3 пожарникари. (Опш.Шуто Оризари). Во периодот од 11:50 до 12:15 часот е интервенирано за гаснење на запалена сува трева во атарот на с. Горно Оризари на површина од околу 3000 м2. Интервенирано е со 1 возило и 3 пожарникари а материјалната штета се цени на 9.000 денари. **(Општина Шуто Оризари);** Во периодот од 17:00 до 23:00 часот е интервенирале за гаснење на запалена сува трева во **с. Добри Дол**, на површина од околу 1 Ха. Интервенирале со 3 ПП возила и 8 пожарникари **(Општина Сопиште);** Во периодот од 19:05 до 20:40 часот на ул. 164 е интервенирале за гаснење на запалена куќа. На површина од 120 м2 е интервенирале со 4 ПП возила и 8 пожарникари **(Општина Центар);** Во периодот од 19:15 до 21:00 часот е интервенирале за гаснење на запалена сува трева во **с. Љуботен**, на површина од околу 3000 м2. интервенирале со 1 ПП возило и 3 пожарникари.**(Општина Бутел);** Во периодот од 12:45 до 13:20 часот е интервенирале за гаснење на запалена сува трева на **ул. Скупи** на површина од околу 500 м2. интервенирале со 1 ПП возило и 3 пожарникари. **(Општина Карпош)**

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ТППЕ Дебар** интервенирале на запалена плевна во близина на старата касарна во Дебар. Во пожарот изгорена е поголема количина на сено и слама како и 1 крава и 2 овци, интервенирале со 6 ПП возила и 10 пожарникари. Пожарот е локализиран.

**РЦУК – Битола,** известува дека **ТППЕ-Прилеп** имала една интервенција во гаснење на запалена семејна куќа во **с.Вранче**. Интервенирале со 7 пожарникари и употребени се 7 ПП цистерни со вода. Пожарот е изгаснат. Се работи за поголема материјална штета.

**РЦУК – Куманово,** известува дека **ТППЕ Куманово** во период од 14:15 до 16:00 часот интервенирале на запалена сува трева во атарот на **с. Лојане** во гаснењето на пожарот интервенирале со 1 ПП возила и 3 пожарникари.

## 2. ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

### *2.1. Радиолошка, хемиска или биолошка контаминација и загадување на воздухот, водотеците и човековата околина*

Од **Министерството за животна средина** добиено е известување во кое се наведува дека за ден **21.08.2019 година,** сите мерни параметри на автоматските мониторинг станици за квалитет на амбиентниот воздух се во рамките на граничните вредности.

## 3. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

### *3.1 Водоснабдување*

**РЦУК – Скопје, ја пренесува информацијата од ЈКП Водовод и канализација во која се наведува дека заради отстранување дефект на водоводна мрежа со пречник од  од ф-300 мм, на ден 23.08.2019 година (петок), од 09:00 часот до завршување на  интервенцијата, прекинато водоснабдување ќе имаат корисниците од ул.Босна и Херцеговина. (Опш.Бутел).**

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Водовод и канализација – Прилеп** во која се наведува дека поради санација на дефекти од 08.00 до 14.00 часот без вода останале корисницие од **уличите**: **Мирче Ацев, Диме Димески, Ленин** и реонот на **Пречистителна станица**.

**РЦУК – Штип,** ја пренесува информацијата од **Од ЈПКД Камена река од Македонска Каменица** во која се наведува дека поради дефект на главната водоводна линија целиот град Македонска Каменица остана без вода за пиење во период од 10:00 до 11:00 часот.

### *3.2. Електроснабдување*

**ЕВН Македонија известува дека поради планирани зафати на електро дистрибутивната мрежа на ден 26.08.2019 година без електрична енергија ќе останат:**

- **Од 09:30 до 13:40 часот, корисниците од Калањево, Липа и Брусник (опш.Кавадарци);**
- **Од 10:00 до 13:30 часот, корисниците од Караула Мазрача. (опш.Тетово);**
- **Од 10:00 до 14:00 часот, корисниците од ул.Гоце Делчев. (опш.Неготино);**
- **Од 09:30 до 14:30 часот, корисниците од Спортско рекреативен центар Голак, с.Чифлик (опш.Делчево);**
- **Од 06:00 до 14:00 часот, корисниците од населба Трети Реон. (опш.Тетово);**
- **Од 06:00 до 07:00 часот, корисниците од Таушанска Маала, СРЦ Голак, Населба Стрелиште, село Чифлик  (опш.Делчево);**
- **Од 08:00 до 11:00 часот, корисниците од дел од с.Опае. (опш.Куманово);**
- **Од 09:30 до 14:30 часот, корисниците од дел од с.Голема Речица кон с.Чифлак (опш.Тетово);**
- **Од 09:00 до 15:00 часот, корисниците од дел од улица Александар Стојановиќ према бензинска пумпа ХИТ, дел од ул. Илиндеска**

**кај бензинска ХИТ и кај ул Киро Ристовски Дрнц, дел од ул. Киро Ристовски Дрнц кај бензинска ХИТ и испод ул.Илинденска, долен дел на ул. Гостиварска, краен дел на ул. 105, дел од улица Боро Вуиќ кај бензинска ХИТ (опш.Тетово).**

***3.3. Производство на електрична енергија***

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** работел со снага од 200 MW, **ТЕ – 2** работел со снага од 185 MW, додека **ТЕ – 3** работел со снага од 210 MW.

**РЦУК – Тетово,** ја пренесува информацијата од **ЕЛЕМ ХЕЦ Маврово“** во која се наведува дека **ХЕЦ „Вруток“** произвела 866.500 квч, **ХЕЦ „Равен“** произвела 103.000 квч и **ХЕЦ Врбен** произвела 3.352 квч електрична енергија.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 166.000 квч електрична енергија.

***3.4. Нарушување на сообраќајот***

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **06:30** часот на ден **23.08.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

**АМСМ** препорачува прилагодена брзина на движење, почитување на поставената сообраќајна сигнализација и внимателно управување со возилата, особено на патиштата низ котлините, речните долини и клисурите, каде има можност од појава на одрони. Ова посебно се однесува за делниците Катланово – Велес, Маврово – Дебар – Струга, Виница – Берово и Кочани – Делчево.

**ЗАБРАНА ЗА ТЕШКИ ТОВАРНИ ВОЗИЛА на магистрален пат А2:** Од 01.07.2019 година започна со примена временските режим на сообраќај во летниот период од 01.07 до 01.09 на магистрален пат А2 делница: **Скопје – Охрид - Скопје** со кој се забранува движење на тешки товарни возила чија вкупна маса преминува 7,5 тони за време на викендите.

**РАБОТИ НА ПАТ:**

Виадукт Трејд известува дека на ден 19.08.2019 ќе се започне со изведување на градежни активности за поставување на електрично осветлување на **крстосница Катланово** на магистрален пат А1, делница **Петровец - Катланово,** во времетраење од 30 дена, за што ќе се изврши промена на режимот на сообраќај.

Виадукт Трејд известува дека на ден 19.08.2019 ќе започне со изведување на градежни активности на дел од ул. "Ѓорче Петров" од крстосница со бул. "Кузман Јосифовски Питу" до БС Макпетрол, патен

правец **Скопје - Тетово,** во времетраење од 10 дена, за што ќе се изврши промена на режимот на сообраќај (пренасочување на соседните улици, како и автобуските станици на ЈСП).

Од 31.07.2019 се почнува со изработка на прв слој асфалт на патен правец Лот 2 **Драчево-Орешани**. Како алтернатива ќе се користи патот низ Студеничани, пренасочувањата ќе бидат кај Бајота маркет на крај на нас.Драчево во правец кон Студеничани и кај Фурната во Студеничани во правец на нас.Драчево.

**Ј.П.Македонија Пат** известува дека поради изведување на градежни работи на пат (асфалтирање) на регионалниот патен правец Р2344, населба **Чашка – с. Голозинци**, од 26.06.2019 год. (среда) сообраќајот ќе биде во прекин секој ден, освен во недела, од 10 – 16 часот во наредните два месеци.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски железници,** во која се наведува дека поради високите температури на територијата на Република Северна Македонија, во периодот од 12:00 до 19:00 часот, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/час.**

## 4. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА

### *4.1 Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза*

**ВРЕМЕТО ДЕНЕС:** Сончево со мала до умерена облачност. Ќе дува слаб до умерен ветер од североисточен правец, особено изразен во североисточните делови каде повремено ќе засилува. Минималната температура ќе се спушти помеѓу 11 и 19, а максималната ќе достигне од 30 до 38 степени. УВ=8.

Во **Скопје** сончево и топло со мала до умерена облачност. Ќе дува слаб до умерен северен ветер. Т-ра 17 / 35 степени.

**ВРЕМЕТО ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ:** Во следните денови продолжува периодот на топло време. Во попладневните часови ќе има зголемување на облачноста со локален пороен дожд, грмежи и засилување на ветерот.

### *4.2. Институт за трасфузиологија*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија** во која се наведува дека на ден **23.08.2019 год. (петок ),** се планирани крводарителни акции со месното население во **Берово,** и со вработените во **МНР Скопје.**

### *4.3. Минирање*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Рудници Бањани** во која се наведува дека  до крајот на месец **АВГУСТ** само во работни

денови, на нивниот каменолом од нивна страна ке бидат изведени по две минирања во периодот меѓу **09.00 и 10.00 часот како и меѓу 13,00 и 14.00 часот**.

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Северна Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.234 од 22/23.08.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/234 од 22.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/501 од 22.08.2019 со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/280 од 22.08.2019; со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Велес бр.16-01/234 од 22.08.2019; со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Штип бр.16-3/232 од 22.08.2019; со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Тетово бр.17-255 од 22.08.2019; со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Куманов бр.16-3/329 од 22.08.2019; со Податоци за состојба со водите;Информација од МЖСПП од 22.08.2019; Најава за планирани прекини од ЕВН од 22.08.2019; Временска прогноза, Дневна хидролошка состојба и Информација од УХМР од 22.08.2019; Известувања од АМСМ од 22/23.08.2019.

**Подготвил:** Али Реџепи
**Прегледал:** Петре Наков

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**

1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   **Кабинет на Министерот**
   **Агенција за храна и ветеринарство**
   **Управа за хидрометеоролошки работи**
8. Министерство за здравство
   **Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
   **Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
    **Кабинет на Министерот**
    **Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
    **Кабинет на Министерот**

12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива